

**БИОГРАФИЈА**
**Герасим Ванчев**

Роден е во Скопје на 22.01.1962 година. Дипломирал на Електротехничкиот факултет - насока информатика и автоматика. По дипломирањето, во 1990 год. се вработува како програмер во Семос, а од 1995 година станува управител. Магистер е по деловно право. Сосновач е на Семос, Семос Едукација, ClearView, Семос Cloud Solutions и Certiadria кои се официјални партнери на Microsoft, Cisco, Oracle, EC-Council, Autodesk, Adobe и многу други реномирани светски IT брендови.

Беше член на борд на директори на Табак осигурување и Јака Табак и член е на бордот на директори на Семос Групацијата.

Герасим Ванчев е еден од основачите на Македонската Асоцијација за Информатичка Технологија (МАСИТ). Беше член на деловодниот совет на Универзитетот на Американ Колеџ. Беше член на УО на Стопанската Комора на Македонија и потпретседател на ИТ здружението во Комората. Член е на одборот за доверба на факултетот за информатика, при Универзитет Скопје. Има учествувано во проектирањето и изработката на повеќе големи информатички системи.

Во изминатиот период, непрекинато е еден од главните менаџери во горе наведените компании, а резултатот од успешното раководење е нивниот континуиран развој и големиот број нови проекти што компаниите ги реализираат последниве години во земјава и странство. Перманентното зголемување на вкупниот број на вработени во овие компании, од скромни 8, се зголеми на повеќе од 150.

По завршувањето на своето образование постојано вложува и работи врз сопственото едуцирање и усовршување, а во последните години, во областа на менаџментот и раководењето. Посетува врвни семинари од областа на финансиското, менаџерското и кадровското работење (курсеви на SEED, GTZ, ADIZES).

**Скопје, 10.2025**

**Герасим Ванчев**